Дневни билтени

2015
Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022

Извадок на ден од дневни настани 19.12.2022

Денеска (19.12.2022) во 00.25 часот на ул.„Карл Маркс" во Штип, полициски службеници од Оперативен тим потраги при СВР Скопје и Специјалната антитерористичка единица „Тигар" го лишиле од слобода М.П.(31) од Штип. За него биле распишани две централни потерници по наредба на Основен суд Штип за издржување вкупна казна затвор од шест години за сторени кривични дела „разбојништво" по член 237 и „спречување службено лице во вршење службено дејствие" по член 382 од Кривичниот законик. Лицето било спроведено во Казнено-поправната установа Затвор Штип за издржување на казната.

На 18.12.2022 во 18.30 часот, полициски службеници од СВР Куманово ја лишиле од слобода М.З.(24) од Куманово. Таа била затекната при обид да одземе предмети во куќа на улицата „Братство Единство" Куманово. М.З. била приведена во полициска станица и по целосно документирање на случајот против неа ќе следува соодветна пријава.

На 18.12.2022 во 12.40 часот, полициски службеници на СВР Тетово го лишиле од слобода Е.И.(23) од тетовска Голема Речица. Тој се сомничи дека претходно извршил кражба во селото, а одземеното е пронајдено и вратено на сопственикот. По целосно документирање на случајот против Е.И. ќе следува соодветен поднесок.

На 18.12.2022 во 11.30 часот на подрачјето на Центар, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода З.З.(56) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 18.12.2022 во 21.40 часот на подрачјето на Бит Пазар, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Х.М.(32) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 18.12.2022 во 19.45 часот на подрачјето на Аеродром, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Д.Г.(21) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 19.12.2022 во 01.10 часот на клучката за с.Волково, прилепско, полициски службеници од ОВР Прилеп го лишиле од слобода Ј.Т.(22) од Прилеп, затоа што кај него била пронајдена и одземена бела гргучеста материја. По документирање на случајот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.
По текот на вчерашниот ден (18.12.2022) Министерството за внатрешни работи спроведе засилена акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на возила кои се движат со брзина поголема од дозволената, при што санкционирани се 314 возачи. Од нив девет возила се движеле со брзина над 50 километри на час повеќе од дозволеното, а четири возила се движеле со дури над 70 километри на час повеќе од дозволената брзина. Притоа 162 возила ја пречекориле брзината во населено место, а 152 надвор од населено место.

Министерството за внатрешни работи во текот на вчерашниот ден (18.12.2022) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територија на град Скопје изречени се вкупно 166 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 56 санкции, 14 мерки за возење без возачка дозвола, 31 санкција за возење под дејство на алкохол. Изречени се осум мерки за нерегистрирани возила, пет санкции за минување на затворен сигнал (црвено светло), пет мерки за возач почетник...

На 18.12.2022 на подрачјето на СВР Штип полициски службеници спроведоа акциска контрола на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. За време на контролата биле констатирани 32 прекршоци, од кои 18 надвор од населено место и 14 во населено место. На сите возачи им биле изречени соодветни санкции. Санкционирани биле и 29 други видови на прекршоци, од кои 7 за управување возило без возачка дозвола, 3 за нерегистрирано возило, 2 за технички неисправно возило, 1 за возач почетник, 4 за управување возило под дејство на алкохол и 2 за непрописно паркирање.

На 18.12.2022 околу 15.30 часот во СВР Велес било пријавено дека на автопатот Велес – Скопје, во близина на наплатна станица Отовица, патничко возило „тојота" со скопски регистарски ознаки, управувано од З.П.(69) од Скопје, излетало од коловозот. Во несреќата се тешки телесни повреди се здобил возачот, констатирани во Општа болница Велес. По овластување на јавен обвинител, увид извршила увидна екипа од СВР Велес.

На 18.12.2022 во 12.55 часот во Полициската станица Велес, Д.М.(57) од Велес пријавил дека на ул.„Љубљанска" бил каснат од куче скитник.

Денеска (19.12.2022) во 11.30 часот, по преземени мерки и активности, полициски службеници од СВР Велес во Велес го лишија од слобода А.Н.(29) од Велес, кој на 17.12.2022 околу 22.15 часот на ул.„Борис Трајковски" во Велес со патничко возило „мерцедес" со велешки регистарски ознаки удри во пешачите Е.И.(43) и нејзината малолетна ќерка, по што го напушти местото. Притоа, малолетното девојче почина на местото на несреќата, а нејзината мајка се здоби со телесни повреди. Лицето е приведено во полициска станица и по целосно расчистување и документирање на случајот, во координација со Јавен обвинител, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

Денеска (19.12.2022) во Битола, полициски службеници од Криминалистичката полиција при СВР Битола ја лишиле од слобода Б.П.(37) од Битола. Таа се сомничи дека на 17.12.2022 извршила кражба во златарница во Стара Чаршија во Битола. Во службен разговор во полициска станица Б.П. го признала делото, а одземеното било пронајдено и вратено на сопственикот. По целосно документирање на случајот против неа ќе биде поднесена соодветна пријава.

Во текот на изминатиот викенд, полициски службеници од СВР Куманово спроведоа акциска контрола за санкционирање на возачи кои не ги почитуваат сообраќајните прописи, при што на подрачјето на СВР Куманово санкционирани се вкупно 187 возачи од кои 148 управувале возило со брзина поголема од пропишаната, 28 санкции за возачи кои управувале возило под дејство на алкохол и 11 за управување возило без возачка дозвола.

Денеска (19.12.2022) во 02.30 часот во Полициската станица Карпош, М.Р.(69) од с.Долно Соње, скопско, пријавил дека на ул.„Скупи", по претходно недоразбирање во сообраќајот, едно лице со тврд предмет го оштетило неговото патничко возило „дачија" со скопски регистарски ознаки, по што се обидело физички да го нападне. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 18.12.2022 во 18.00 часот, полициски службеници од Полициската станица Карпош го лишиле од слобода Р.С.(65) од Кавадарци, затоа што на паркинг простор пред угостителски објект на подрачјето на Карпош физички наднапал полициски службеник кој извршувал службени дејствија. По целосно документирање на случајот против лицето ќе следува соодветен поднесок.

На 19.12.2022 во 00.17 часот во Полициската станица Кисела Вода било пријавено дека на 18.12.2022 околу 23.00 часот пред угостителски објект на подрачјето на Кисела Вода – Скопје, П.К.(40) од с.Глуво, скопско, бил физички нападнат од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против Б.М.(29) од Скопје , поради постоење основи на сомнение за сторени две кривични дела „разбојништво". Пријавениот, на 20.08.2022 во спортски облоложувалници на ул.„Кемал Сејфула" и на ул.„Џон Кенеди" со закана кон вработените одзел пари.

На 19.12.2022 во 02.40 часот во Полициската станица Аеродром, Д.С.(46) од Скопје пријавил дека околу 00.05 часот пред угостителски објект на подрачјето на Аеродром - Скопје бил физички нападнат од Г.М. од Скопје. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 18.12.2022 во 15.15 часот во Полициската станица Центар, Д.М.(48) од Скопје пријавил дека околу 14.00 часот пред угостителски објект на подрачјето на Центар бил физички нападнат од Т.В.Г.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 18.12.2022 околу 12.15 часот во Полициската станица Кисела Вода било пријавено дека пред угостителски објект на подрачјето на Кисела Вода – Скопје, по претходна расправија, бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу С.М.(38) од Скопје и С.Ј.(26) од с.Ракотинци, скопско. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

ОВР Кавадарци поднесе кривична пријава против С.П.(57) од Кавадарци, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „оштетување и неовластено навлегување во компјутерски систем". На 25.07.2022 во Кавадарци, пријавениот неовластено од банкомат подигнал пари од сметка на друго лице откако претходно ги набавил податоците за лицето.

На 18.12.2022 околу 08.30 часот во Полициското одделение Шуто Оризари било пријавено дека околу 04.00 часот на подрачјето на Шуто Оризари – Скопје, А.С.(24) од Скопје бил физички нападнат од Т.Ј. и неговите двајца синови. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 18.12.2022 во 19.15 часот во Полициската станица Драчево било пријавено дека на подрачјето на Драчево – Скопје, Е.Г.(20) од Скопје била физички нападната од машко лице М.С.(21) од Скопје. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 18.12.2022 во 15.05 во Полициската станица Гази Баба, 29 годишен маж од гостиварско пријавил дека на подрачјето на Синголиќ, скопско, поради претходно наводно нерасчистени должничко-доверителски односи, Ј.„Н." од Куманово му се заканил со оружје и му го одзел клучот од неговото патничко возило „бмв" со гостиварски регистарски ознаки, како и паричник. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против Г.В.(41) од Охрид, како и против правен субјект со седиште во Охрид, поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „вршење на јавен превоз без поседување лиценца". При контрола извршена на 02.11.2022 година на улицата „15 корпус" во Охрид, полициските службеници сопреле патничко возило „пежо" со охридски регистарски ознаки, управувано Г.В., а сопственоста на правниот субјект. Притоа, утврдиле дека тој врши превоз на патници без да поседува соодветна дозвола-лиценца за вршење на јавен превоз на патници во внатрешниот сообраќај.

Денеска (19.12.2022), во 03.47 часот во СВР Скопје било пријавено дека во с.Текија, скопско, настанал пожар во работилница – магацин на фирма, сопственост на Ј.Ц.(39) од истото село. Екипа на Бригадата за противпожарна заштита Скопје го изгаснала пожарот, а повредени лица нема. Увид бил извршен.

На 18.12.2022 во 15.40 часот во СВР Скопје, во Комплексот клиники „Мајка Тереза" – Скопје било пријавено дека кај нив се повреди од огнено оружје бил донесен М.Д. (61) од с.Ново Село, скопско. Според пријавеното, кај место викано „Чешми" во атар на с.Горно Свиларе, скопско, каде бил на лов, се здобил со повреди од залутани проектили од ловечка пушка. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 18.12.2022 во 18.40 часот во Полициската станица Центар, С.Т. (72) од Скопје пријавила дека на бул.„Крсте Петков Мисирков" едно лице физички ја нападнало и и одзело чанта со пари и лични документи. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 18.12.2022 во 19.15 часот, Б.П.(18) од Струга во полициска станица пријавила дека на улицата „Партизанска" во Струга била касната од куче скитник.

На 18.12.2022 во 19.45 часот во Полициската станица Штип било пријавено дека А.Љ. (41) од Штип, за време на семејна веселба во неговиот двор на ул.„Каваклија" во Штип, со пиштол испукал неколку куршуми во воздух. Полициски службеници излегле на местото и пронашле и одзеле 5 чаури 9мм од сигнален пиштол. По документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 18.12.2022 во 15.30 часот, С.З.(62) од Кичево пријавил дека на улицата „Илиница" во Кичево бил каснат од куче скитник.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Н.Љ.(35), С.Ц.(30), Џ.И.(44), А.Б.(33), Б.И. (31) и А.Ш.(23), сите од Тетово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „насилство". На 09.11.2022 на ул.„Илинденска" во Тетово, пријавените го нарушиле јавниот ред и мир со меѓусебна физичка пресметка.
Единицата за економски и компјутерски криминал при СВР Скопје поднесе кривична пријава против Б.С.(36) од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „несовесно работење во службата", казниво по член 353-в од Кривичниот законик. Пријавениот, вработен како референт за управно надзорни работи во МВР – Оддел за граѓански работи, на 23.05.2022, и покрај тоа што знаел дека лицето Ф.С. од Скопје немал положено возачки испит за управување на моторни возила, го примил, извршил негово фотографирање за прва возачка дозвола, ги внел неговите податоци во системот, а веднаш потоа ги избришал.

СВР Битола до ОЈО Битола поднесе кривична пријава против Д.А.(37) од Битола и правно лице од с.Кравари, битолско, поради постоење основи на сомнение дека сториле кривично дело казниво по член 95-в од Законот за контрола на опојни дроги и психотропни супстанци. Првопријавениот, во својство на овластено лице - управител на правното лице, кое поседува одобрение за одгледување на канабис за медицински цели, ја искористил опремата и просторот на субјектот и вршел одгледување на наркотична дрога - канабис во производните простории на правниот субјект, спротивно на одредбите од Законот за контрола на опојни дроги и психотропни супстанции. Имено, првопријавениот не доставувал известувања до надлежното министерство, односно до Комисијата за оценување на исполнетост на условите по однос на простор, опрема и кадар за одгледување на медицински канабис и тоа за извршената набавка, собирање, сушење, пакување, складирање и отпад, ниту пак, известил за добиени количини на влажна-сува материја.

МАКЕДОНИЈА БЕЗ КОРУПЦИЈА
Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија
Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 e-поштa: kontakt@moi.gov.mk
Изработено од Унет